

***Односите со Југославија биле прекинати, а грчко-југословенската граница била затворена. Комунистичката патија, која на Македонците им ветувала човекови права и слободи, полека почнала да се дистанцира од своите определби. Најголемиот дел од партизаните кои се бореле во битката за Лерин биле новорегрутирани и неискусни борци.***

Повеќето од силите биле составени од Македонски мажи и жени под грчко раководство. Партизанската команда се двоумела кога дошло време да се отпочне офанзивата, давајќи му да тој начин на непријателот екстра време да ја подготви својата одбрана. Двоумењето ги деморализирало партизанските борци кои не биле подготвени за пролонгираното зимско студенило под ведро небо.

Една површна анализа на развојот на настаните пред леринскиот напад и една посмртна анализа на последиците, доведуваат до еден неизбежен заклучок. Нападот на Лерин бил дизајниран за да се уништат вооружените сили на македонските партизани. Со нудење на Лерин - офанзивата наместо предавање, партизанското раководство “ги жртвувало своите вооружени сили”.

Случајно или планирано, нападот на Лерин придонел за смртта на многу македонски борци и за масовниот егзодус на македонското население. Многумина веруваат дека грчката Граѓанска војна била успешна во “етничкото чистење” на македонскиот народ, онаму каде што многугодишната асимилација не успеала.

Плашејќи се од репресалиите од грчката војска која напредувала, во август 1949 година, бранови бегалци ги напуштиле своите домови и отишле во Албанија за да се спасат. Кога војната се завршила, Грција не ги сакала назад. Како резултат на тоа, тие биле испратени во земјите на Источниот блок кои биле волни да ги примат.



Години подоцна, некои се обиделе да се вратат, но Грција (законскиот акт Л-2) не им дозволила. Дури и на невините Македонци кои не учествувале во конфликтот, вклучувајќи ги евакуираните деца-бегалци, не им бил дозволен влезот. Години изминувале, но ним, во повеќе наврати, не им било дозволено да влезат во Грција. Не им било дозволено ниту да ги посетат болните роднини. Конечно, во 1985 била воведена една политика на репатријација и била дадена амнестија, но само на оние со “грчко потекло”. И повторно, Македонците биле исклучени од истата.

Бидејќи македонската територија била бомбардирана од воздух и од топовски оган, уплашениот македонски народ, повеќето стари мажи и жени и мајки со мали деца, го земале она што можеле да го понесат и ги напуштиле своите домови, барајќи спас во планините. Им било речено оттаму да одат во Албанија и да се сретнат со своите роднини.

“Една таква група го напуштила селото Коломнати и се спуштала од планините кон Рула, кога биле забележена од еден млад грчки офицер. Младичот веднаш му телефонирал на својот генерал и го информирал за ситуацијата. “Треба ли да ги пресретнеме?”, прашал младиот офицер. “Не, пуштете ги бељаџиите да одат, не ги сакам овде,” одговорил стариот генерал”. (Сторија која ја раскажал помошникот на генералот кој замолил да остане анонимен).

Кога грчката војска го скршила Леринскиот фронт, партизанските сили кои го преживеале колежот побегнале во Албанија. Борците кои биле најблиску до градот, биле фатени и затворени. Оние кои признале дека доброволно им се придружиле на партизаните биле погубени. Другите или биле прогонети на грчките острови, или биле ослободени откако отслужиле казна затвор во локалните затвори.

Во својата потера по партизаните кои бегале, грчката војска успеала да им го пресече патот за бегство на група партизани кои ги опслужувале топовите и артилерискиот оган кај Бигла (по војната топовите биле изложени во градот Лерин). Бидејќи не можела да побегне во Албанија, групата од Бигла се обидела да премине во Југославија во близина на Преспанското Езеро.



[illegible]



**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**